# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен гласник на Општина ѓорче Петров Излегува по потреба | 12 Септември . 2008 год. Скопје Бр. 11 Год. III |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни
работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ;
02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. **Одлука за формирање на Локален совет за превенција..........................................стр. 1**


**Скопје, Септември 2008 година**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за формирање на**
**Локален Совет за превенција**

Се објавува Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на осумдесет и петтата Седница на Советот, одржана на ден 05.09.2008 година.

**Број 08-2267/1**
**од 12.09.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02), а во врска со член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр.114/06) и член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, објавен во (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 85-тата седница одржана на ден 05.09.2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
## За формирање на Локален совет за превенција

### Член 1

Се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело за остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

### Член 2

Целта на Локалниот совет за превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и сообраќајот на патиштата.

### Член 3

Локалниот совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт како и други владини и невладини организации.

### Член 4

Членови на Локалниот совет за превенција се :

- Сокол Митровски - Градоначалник на Општина Ѓорче Петров
- Љубинка Угриновска - Јавен обвинител, Јавно обвинителство на Р.М.
- Славко Ивановски - Командир на полициска станица Ѓорче Петров
- Реџепи Зегљул - Помошник Командир на полициска станица Ѓ. Петров
- Радован Змејковски - Инспектор по превенција
- Владанка Авировиќ - Пратеник во Собранието на Р.М.
- Харалампије Анѓелковски - Претседавач на Советот на Општина Ѓ.Петров
- Кети Костадиновска - член на Советот на Општина Ѓорче Петров
- Цветанка Гроздановска - член на Советот на Општина Ѓорче Петров
- Велко Антовски - член на Советот на Општина Ѓорче Петров
- Александар Наумовски - член на Советот на Општина Ѓорче Петров
- Драги Пејовски - член на Советот на Општина Ѓорче Петров
- Слободан Стојковиќ - член на Советот на Општина Ѓорче Петров

- Сарита Јашарова - претставник од НВО *ЛИЛ* Ѓорче Петров-Скопје
- Лидија Стојменовиќ - претставник од НВО*МУЛТИКО* Ѓорче Петров-Скопје
- Емилија Ставридис - претставник од Министерство за образование
- Славица Чоневска - претставник од Министерство за здравство
- Елена Душегубечка - претстваник од Центарот за социјални работи
- Зоран Никифоровски - претседател на Урбана заедница *Дексион*
- Беадин Османи - претседател на Месна заедница *Никиштани*
- Претставник од медиумите.

**Член 5**

Со Локалниот совет за превенција претседава Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Локалниот совет за превенција на секои 3 (три) месеци одржува по 1 (една) седница.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2175/3**
**од 05.09.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**